ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА Р.МАКЕДОНИЈА

VETERINARY CHAMBER OF R.MACEDONIA

Ул.16 Македонска бригада бр. 4 Скопје, тел. 02 60 92592

16 Makedonska brigade br. 4 Skopje, tel. +389 02 60 92592

Врз основа на член 28 став 2 точка (3) од Статутот на Ветеринарната Комора на Македонија,Собранието на Ветеринарната Комора на Македонија на 03.06.2016 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## за формата, содржината на барањето за добивање на акредитација, постапката и надоместокот за давање на акредитација

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на акредитација, како и постапката за издавање на акредитација и надоместокот за акредитацијата.

Член 2

Барањето за добивање на акредитација ги содржи следниве елементи:

1. Назив на субјектот – организатор
2. Матичен/деловен број на организаторот.
3. Седиште на организаторот.
4. Телефон, електорнска адреса и факс на организаторот на настанот односно обуката;
5. Информација за покровителство на настанот односно обуката за која се бара акредитација;
6. Датум на одржување, место и траење на настанот односно обуката за која се бара акредитација;
7. Одговорно лице за одружување на настанот односно обуката;
8. Предмет, вид и назив на настанот односно обуката за која се бара акредитација согласно Правилникот за облиците за континуирано стручно усовршување на докторите по ветеринарна медицина;
9. Цел на настанот односно обуката за која се бара акредитација.

10. Проверка на знаење за на настанот односно обуката за која се бара акредитација.
11. Предавачи односно презентери на настанот односно обуката за која се бара акредитација.
12. Број на учесниците на обуката за која се бара акредитација.
13. Изјава за согласност на организаторот ( Прилог 3 на овој правилник) да го доисплати надоместок согласно верификуваниот список на учесници од страна на организаторот и еден од евалуаторите од Комората согласно Тарифникот усвоен од страна на Извршниот одбор.

Формата на барањето е прикажана во Прилог 1 од овој правилник.

Во прилог на барањето се доставува и кратка содржина од предавањата, биографија од предавачите и доказ за уплата за акредитација (Прилог 1 на овој правилник) во износ од 50% согласно Тарифникот усвоен од страна на Извршниот одбор.

ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИЈА

Член 3

Организаторот поднесува Барање за акредитација до Стручно административната служба во Комората најдоцна 2 месеци пред одржување на настанот односно обуката.

Член 4

Барањето за акредитација за континуирана едукација се доставува до Стручниот одбор на Комората, каде се носи одлука дали истата ќе се акредитира.

Доколку се донесе одлука за акредитација, Стручниот одбор одредува колку бодови за стручно усовршување се стекнуваат со учество на акредитиран настан односно обука.

Член 5

По донесувањето на одлуката за акредитација од страна на Стручниот одбор истата треба да биде верификувана од страна на Извршниот одбор на Комората.

Член 6

Комората по верификувањето на одлуката за акредитација во рок од 45 го известува членството за одржување на акредитираниот настан односно обука 2 пати по е-маил.

Член 7

Комората спроведува евалуација на настанот односно обуката со евалуациски лист усвоен од Комората (прилог бр. 2), преку 3 члена Комисија од Стручниот одбор присутна на настанот. Еден од евалуаторите го верификува со потпис и финалниот список на учесници заедно со организаторот или со претставник назначен од страна на организаторот на настанот односно обуката.

ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАТОРОТ

Член 8

Организаторот на акредитираната обука односно настан ги обезбедува организационо – техничките услови за успешно спроведување на континуираната обука, односно да поседува систем за евиденција на присуство, да овозможи евалуација на континуираната обука со евалуациски лист и систем за чување на документацијата.

Член 9

На Сертификатот од континуираната обука кој го доделува организаторот, треба да е назначено " Акредитирано од Ветеринарна комора на Р. Македонија со ------ бода ".

Член 10

Списокот за евиденција на присутни се доставува до Комората во рок од 7 дена по одржување на акредитираната обука односно настан.

ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАТОРОТ КОН ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 11

При поднесување на барање најдоцна 2 месеци пред одржување на соодветниот облик на континуирана едукација потребно е да се приложи доказ за уплата на акредитација во висина утврдена со Тарифникот усвоен од Извршниот одбор. Организаторот треба да достави доказ за уплата на 50% од средствата согласно пријавениот број на учесници на обуката, додека останатиот износ од надоместокот за акредитација треба да го уплати веднаш по односно најдоцна во рок од 10 дена од одржувањето на обуката, согласно списокот на учесници кој е верификуван со потпис од страна на организаторот и еден од евалуаторите - претставник од Комората.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Овој Правилник го носи Собранието на Комората и стапува на сила од неговото донесување.

03.06.2016, Струга

Ветеринарна комора на Р.Македонија
Претседател

Д-р Томислав Николовски